КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 19.02.18
Орг. единица 03 | Број 207/2 | Прилог / | Вредност /

***Надзорен одбор*** ***Скопје, 19.02.2018 година***

**З А П И С Н И К**
од Трета седница на Надзорен Одбор
на Комора на овластени архитекти и овластени инженери
одржана на ден 19.02.2018 година

**Присутни:**

1. М-р Кристинка Радевски, д.и.а. Претседател
2. Ратко Станојковски, д.е.и. Заменик Претседател
3. Д-р Милорад Јовановски, д.и.ге. Член
4. Зоран Мирчевски, д.г.и. Член
5. Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик член
6. М-р Катарина Манчева, д.м.и.Заменик член

Третата седница на Надзорниот Одбор на Комора на овластени архитекти и овластени инженери (НО во понатамошен текст), се одржа во просториите на Комората, со почеток во 14.00 часот.

Тема на состанокот беше разгледување на материјалите од работењето на Комората за период од 1 јануари до 31 декември 2017 година, со цел изготвување на Годишен Извештај.

Постапувајќи по задолженијата согласно Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, чл.19, точка 2 за надзор над:

- спроведување на Статутот и другите општи акти на Комората и остварување на правата на првата и обврските на членовите на Комората;

- материјално и финансиско работење на Комората и располагање со средствата на Комората;

- работа на стручната служба на Комората во согласност со Статутот и другите општи акти,

**НО побара да се докомплетира следната документација:**

1. Да се достави до НО следната документација која беше побарана со Записник бр.2 од 29.09.2017 година:

- Извештај за состојбата со ненаплатени членарини, активностите превземни по однос на наплата, одземање на овластувања како и списоци на сите членови со ваков статус, со податоци за периодот и висина на долгот;

- Список на исплатени транспортни трошоци, дневни и патни трошоци;

- Список на средства потрошени за репрезентација и реклама;

- Список на исплатени услуги за договор на дело;

2. Да се достават сите Записници од одржаните состаноци на УО во 2017 година.

3. Да се достават актите за работа на УО, согласно чл.15 од Статутот на КАОИ.

4. Да се изготви Финансиски план за работа за 2018 година, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.

5. Да се достави одлука на УО за висината на средстава со кои може да располага Председателот.

6. Начин и евиденција на работното време на стручните служби на КОАИ.

8. Да се достави до НО Годишниот Извештај за 2017 кој е обврска на КОАИ да го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, согласно чл.105 точка 3 од ЗГ, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.

**НО укажува на следново:**

1. Да се изготват сите акти пропишани во чл.15 од Статутот на Комората.

2. Да се дополни во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на стручната служба во комората, во делот на прецизен опис на задачи, обврските и права на Претседателот на Комора, со оглед на тоа дека функцијата на Претседателот е професионална, чл.115 точка 3 од ЗГ.

3. Да се направи напор за постојана достапноност на Именикот на овластени архитекти и овластени инженери, со евиденција на сите издадени овластувања, дисциплински постапки и други евиденции согласно Сатутот, чл.5, чл.28, чл.30 и чл.31 и чл.123 од Законот за градење.

4. Итно постапување согласно чл.110 од ЗГ: усвојување на ценовникот за јавните услуги прво од страна на Собрание на КОАИ, па негово доставување до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот заради прибавување согласност и конечно негово објавување во "Службен весник на Република Македонија". Само на тој начин може да се реализира чл.7 од Статутот, во кој е дефинирана основната на постоењето на Комората – остварување на интересите на нејзините членови.

5. Да се направи напор за ажурна и навремена достава на сите документи поврзани со работата на одделенијата на Комората, заради навремено информирање на УО, а воедно и исплата на хонорарите.

6. Но препорачува максимална координација меѓу сите членови на УО.

7. НО бара да присуствува со свој претставник на секоја седница на УО, со цел паралено следење на процесите и подобра координација во работењето на Комората.

8. НО препорачува да се изнајде оптимален начин на известување и подмирување на годишната членарина, преку модернизација на електронската евиденција на членови.

9. НО бара усвојувањето на извештајот за финансиското работење на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, да претходи пред истиот да биде усвоен од страна на УО.

НО бара постапување и произнесување по горенаведеното во рок од 30 дена.

**МИСЛЕЊЕ:**

По однос на Извештајот за финансиското работење на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, Надзорниот Одбор дава позитивно мислење.

Седницата на НО заврши во 16.00 часот.

*Изготвил: КР*

**Надзорен Одбор**

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски д.е.и., Заменик Претседател
3. Д-р Милорад Јовановски д.и.геол., Член
4. Зоран Мирчевски д.г.и., Член
5. Дурим Фетаху, Заменик д.и.а. член
6. М-р Катарина Манчева д.м.и. Замем. д.и.а. член